International Finance Corporation
World Bank Group

## PRESS CLIPPINGS

| | |
|---|---|
| **Date:** | June 2, 2006 (Friday) |
| **Media:** | Vecer |
| **Circulation:** | 12.000 |
| **Title:** | **Ministry of Justice: INFOCENTER FOR MEDIATION** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# Инфоцентар за медијација

Што ќе работат медијаторите и каква помош може од нив да се добие, граѓаните ќе можат да се информираат во Инфоцентарот за медијација. Канцелариите кои беа отворени вчера се наоѓаат на улица „Македонија", а таму можат да се добијат одговори на сите прашања поврзани со процесот на медијација. Овој инфоцентар му претходи на отворањето на Центарот за медијација. Тој е финансиран од страна на Меѓународната финансиска корпорација – ИФЦ. ■

| | |
|---|---|
| **Date:** | June 2, 2006 (Friday) |
| **Media:** | Biznis |
| **Circulation:** | 5.000 |
| **Title:** | **As a Part of ADR Project: INFOCENTER FOR MEDIATION OPENED** |



ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА АЛТЕРНАТИВНО РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

# Отворен е Инфоцентар за медијација

Во рамки на Проектот за алтернативно решавање на споровите на Меѓународната финансиска корпорација и Партнерството за ЈИЕ денеска во Скопје е отворен Инфоцентар за медијација. Менаџерот на проектот Вилма ван ден Бетен изјави дека отворањето на овој Инфоцентар е од големо значење во оваа фаза од спроведувањето на проектот бидејќи во него граѓаните на Република Македонија ќе може да ги добијат сите информации во врска со медијацијата како појасен, побрз и поефикасен пристап до правдата.

Покрај Инфоцентарот, согласно одредбите од Законот во септември оваа година ќе се отвори и Центар за медијација, а постапките на медијација односно примената на Законот ќе стартува од 1-ви ноември. Во меѓувреме, како што изјави проект менаџерот Ван ден Бетен ќе се спроведе обука за медијатори, како и судии кои ќе треба да ги упатуваат споровите на медијација.

Основниот суд Скопје 1 од Скопје ќе биде првиот суд кој ќе почне да упатува спорови на медијација со можност како пилот-суд да стартува и Основниот суд во Струмица.

Со Проектот за алтернативно решавање на споровите на Меѓународната финансиска корпорација, кој е поддржан и од Владата на кралството Холандија се опфатени пет земји. Македонија е трета земја по Босна и Херцеговина и Србија во која се воведува медијацијата за решавање на спорови во граѓански, трговски, работни и потрошувачки спорни односи. Проектот наскоро ќе биде спроведен и во Црна Гора и во Албанија.